**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-1106/39
Датум: 17.06.2015 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование, членот 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје и член 50 од Правилата за студирање на ФЕИТ, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 17.6.2015 година донесе

# О Д Л У К А

промена на студиска програма во учебната 2015/2016 год.

**I.** На студентите запишани во прва година до учебната 2014/2015 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им се дозволува промена на студиска програма без надоместок и тоа:

1. Само на студиските програми на кои не е пополнет бројот на студентите во државна квота.

2. Со меѓусебна размена на студенти од различни студиски програми (и еднаков статус на студент-во државна или во квота со кофинансирање). Ваквиот начин на промена на студиски програми важи само за студентите кои ги имаат положено сите предмети од претходната година.

3. Ако ги положиле сите испити од прва година со просечна оценка 9,50 и ги освоиле сите кредити што ги запишале.

**II.** На студентите запишани во прва година до учебната 2014/2015 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје што им е одобрено да преминат на студиски програми каде имало студенти запишани со кофинансирање потребно е да дадат изјава дека се согласуваат да ја променат студиската програма со целосно кофинансирање на трошоците за студирање до завршување на студиите.

Бројот на студентите од став еден на точка **II.** е до 15% од бројот на студентите запишани на соодветната студиска програма во прва година според конкурсот во учебната 2014/2015 годин.

**III.** Молбите за префрлање, студентите треба да ги поднесуваат во периодот од 1-7.9.2015 година преку архивата на Факултетот. По завршување на рокот за предавање на молбите, се изготвува единствена ранг листа на поднесени и одобрени барања, која во рок од пет дена јавно ќе биде објавена.

**IV.** Одлуката да се достави до: ННС, продеканот за настава, веб страницата на ФЕИТ, огласна табла, Службата за студентски прашања, секретарот, општата служба и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
Проф. д-р Миле Станковски